Синдикална организација на
Македонски Телеком АД-Скопје
бр. 172/3
05.10. 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 11 од Статутарните Правила на СОМКТ и член 3 од Правилникот за повратна парична помош/позајмица/на СОМКТ, Советот на Повереници на СОМКТ на ден 04.10. 2016 година, донесе

# О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Правилникот за повратна парична помош/позајмица/на СОМКТ бр.78/5 од 03.09.2014 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на **Правилникот за повратна парична помош/позајмица/на СОМКТ бр.78/5 од 03.09.2014 година** и тоа:

1. Во членот 1 точката 2 се менува и гласи:
"Право на добивање на повратна парична помош/позајмица/ има секој член на Синдикалната Организација на Македонски Телеком АД Скопје, кој што е вработен во Македонски Телеком АД Скопје на неопределено или определено време, како и членовите кои што се привремено вработени преку Агенција за привремени вработувања, под услови и начин согласно одредбите на овој Правилник."

2. Членот 2 се менува и гласи:
*"1. Висина на ПОЗАЈМИЦА*
1.1. Членовите на Синдикалната Организација на Македонски Телеком АД Скопје, кои што се вработени во Македонски Телеком АД Скопје на неопределено или определено време, имаат право на повратна парична помош /ПОЗАЈМИЦА/ и тоа:

- **Во висина од 5.000,00 мкд / до 10.000,00 мкд, со рок на отплата од 6/шест/ месеци;**
- **Во висина над 10.000,00 мкд /до 20.000,00 мкд, со рок на отплата од 6/шест/ или 12/дванаесет/ месеци; и**
- **Во висина над 20.000 мкд / до 30.000,00 мкд, со рок на отплата од 6/шест/ , 12/дванаесет/ или 18/осумнаесет/ месеци.**

За оние членови кои што се вработени во МКТ на **определено време**, доколку рокот на отплата на дадената позајмица е подолг од рокот/месеците/ на истекот на важењето на договорот за вработување, во тој случај рокот на отплата на позајмицата како и висината на месечната рата за отплата ќе се утврди во рамките на рокот/месеците/кои што остануваат до истекот на важењето на договорот за вработување.
1.2. Членовите на Синдикалната Организација на Македонски Телеком АД Скопје, кои што се привремено вработени во Македонски Телеком АД Скопје, преку Агенција за привремено вработување, имаат право на повратна парична помош /ПОЗАЈМИЦА/ и тоа:

- **Во висина до 10.000,00 мкд, со рок на отплата од 6/шест/ месеци;**
- **Во висина до 20.000,00 мкд, со рок на отплата од 6/шест/ или 12/дванаесет/ месеци.**

За оние членови кои што се привремено вработени во Македонски Телеком АД Скопје, преку Агенција за привремено вработување, важи истата постапка за аплицирање за правото на повратна парична помош /ПОЗАЈМИЦА/ утврдена со овој Правилник.

По одобрување на повратна парична помош /ПОЗАЈМИЦА/се склучува Договор за Позајмица со членот на кого истата му е одобрена, во кој подетално се дефинираат обврските на двете страни/давателот и примателот на позајмица/.

Член 2

Останатите одредби на Правилникот за повратна парична помош/позајмица/на СОМКТ бр.78/5 од 03.09.2014 година остануваат непроменети.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.
Оваа Одлука е донесена преку електронско изјаснување на членовите на Советот на Повереници.

**Синдикална Организација на**
**Македонски Телеком АД Скопје**
**Главен Повереник**
**Јордан Сандев**

Синдикална организација на Македонски Телеком АД Скопје СКОПЈЕ